Јавно претпријатие за комунално-производни и услужни работи
"ИСАР" п.о
Бр. 04-795/11
29.07.2026 год.
ШТИП

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници, а во врска со Интерен оглас бр.01/2026 за пополнување на работни места со унапредување на административни службеници заведен под арх.бр.04-795/3 од 06.07.2026 год. , ВД Директорот на ЈП Исар Штип на ден 29.07.2026 год. ја донесе следната

# ОДЛУКА

## за избор на кандидати за унапредување на давател на административни службеници по објавен интерен оглас

### Член 1

За работното место со Реден број, шифра и назив на работното место: 150-а КДР 01 02 В04 040 Помлад соработник за реализација на набавки во Одделение за јавни набавки, Сектор за јавни набавки и комерција , се избира кандидатот Сузана Шаринова.

### Член 2

По конечноста на одлуката , ВД Директорот на ЈП Исар Штип ќе донесе за избраниот кандидат решение за распоредување на административен службеник по пат на унапредување .

### Член 6

Примерок од одлуката ќе се достави до избраниот кандидат и истата ќе биде објавена на веб страната на ЈП Исар Штип.

### Член 7

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето .

**Образложение**

ЈП Исар Штип по добиена писмена согласност заведена под арх.бр.02-795/2 од 01.07.2026 год. издадена од Градоначалникот на Општина Штип, за давање на согласност за пополнување на 1 ( едно ) работно место по пат на унапредување на административни службеници, преку Агенцијата за администрација ја започна постапката за унапредување на административни службеници со Барање за објавување на интерен оглас за пополнување на слободни работни места во ЈП Исар Штип со унапредување Бр.04-795/5 од 06.07.2026 год, во кое беше назначено нивото и описот на работното место кое се предлага за пополнување.

Интерниот оглас бр.01/2026 год. беше објавен на ден 13.07.2026 год. на веб страната на ЈП Исар Штип и Агенцијата за администрација.

За спроведување на постапката за унапредување е формирана Комисија за селекција за унапредување на административни службеници со Решение бр 04-795/7 од 16.07.2026 год.

На интерниот оглас за работното место се има пријавено еден кандидат.

Комисија за селекција за унапредување на административни службеници, при спроведување на постапката на административната селекција изврши проверка на внесените податоци во пријавата со општите и посебните услови за секое работно место објавени во интерниот оглас, приложените

докази во пријавата и нивно бодирање, за што состави Записник од административна селекција за интерен оглас бр.04-795/9 од 28.07.2026 год.

По спроведената административна селекција, е спроведено интервју со единствениот пријавен кандидат кој ги исполнува општите и посебните услови утврдени во јавниот оглас.

Врз основа на бодовите од административната селекција и интервјуто, Комисија за селекција за унапредување на административни службеници состави финална ранг листа на инервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат .

Врз основа на финалната ранг листа и предлог одлуката, ВД Директорот донесе одлука за избор.

Врз основа на горенаведеното, се одлучи како во диспозитоват на оваа одлука.

**Правна поука** : Против оваа одлука нездоволниот кандидат има право да вложи жалба во рок од 8 дена од приемот на оваа одлука до Агенцијата за администрација.

ЈП Исар Штип

ВД Директор

Александар Арсовски

______________